Почитувани,

Сојузот на математичарите организира селекција за Меѓународната Економска Олимпијада 2025 (IEO 2025) која ќе се одржи во Баку, Азербејџан на крајот на месец јули. СММ веќе пет години е одговорен за организација и спроведување на селекцијата за меѓународните натпревари. Селекцијата на тимот за IEO2025 се врши од најдобро пласираните натпреварувачи на Македонската Економска Олимпијада (МЕО)

Тестирањето за квалификации на МЕО ќе се одржи **online** на **4.04.2025 година**. Квалификационите тестови ќе бидат составени од прашања и задачи во согласност со темите кои се обработуваат по предметите економија и математика (финансиска математика), од учебниците во средното образование.

Заинтересираните ученици, преку своите училишта и ментори, да се пријават за учество заклучно со **31.03.2025 година**, пополнувајќи го закачениот ексел документ и истиот да се испрати на e-mail адресата agacovska@gmail.com.

Поканети се сите средношколци, од средните економски училишта, но и од гимназиите во државава. Важно е учениците да имаат добри познавања од математика и од економијата. Право на учество имаат и државните и приватните училишта.

Тестирањето за квалификации на МЕО, ќе се спроведува на јазикот на кој се изведува наставата на учениците, но самата Македонска Економска олимпијада, заради пропозициите на IEO се изведува исклучиво на англиски јазик. Доброто познавање на англискиот јазик е пресудно за успешен настап на меѓународната олимпијада. МЕО ќе се одржи во просториите на Природно-математичкиот факултет на **29.04.2025.**

Искористете ја шансата и пријавете се за учество. Тестот за квалификации и тестот за МЕО ќе бидат во формат од околу 20 прашања од основи на економија и потребниот математички апарат, меѓу кои прашања со избор, дополнување и кратки одговори на отворени прашања. Прашањата ќе бидат зададени во облик сличен на Multiple choice and open questions од самата IEO.

Повеќе информации за IEO може да најдете на https://ieo-official.org/.

На страната можат да се најдат и сите поранешни проблеми од натпреварувањата до сега.

Првопласираните 40тина ученици од тестирањето ќе се стекнат со право на учество на МЕО и подготовки за поуспешно претставување на државата на олимпијадата.

INTERNATIONAL
ECONOMICS
OLYMPIAD

Контакт со IEO и одговорно лице за МЕО:

Проф. д-р Анета Гацовска – Барандовска
agacovska@gmail.com

Ве очекуваме! Ваш СММ!